MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2591/4
08.05.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 22 став 1, член 23 став 1 и член 24 став 3, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 и член 33 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 179 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18,99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), на 14-та седница одржана на ден 06.05.2019 година донесе

**Одлука**

Сомневањата за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, наведени во предметот со број 12-2591/1 од 03.05.2019 година, се основани.

Да се поведе прекршочна постапка против носител на јавна функција - директор на Агенцијата за храна и ветеринарство за изрекување на глоба за прекршок согласно член 179 од Изборниот законик, заради постапување спротивно на одредбите на членот 8-а од Изборниот законик и на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2591/1 од 03.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава, од познат подносител, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година. Добиената пријава содржи наводи за постапување на раководно лице во државна институција спротивно на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно за Решение за престанок на работен однос на име на подносителот на пријавата донесено од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, по денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори за Претседател на РСМ, односно на ден 04.03.2019 година, што е во спротивност со наведените одредби.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи и приложената документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во случајот било донесено Решение за престанок на работен однос во државна институција спротивно на одредбите од член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси , а со кои е утврдено дека :

„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може:

- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи."

Со наведеното дејствие, од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство сторена е повреда на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за што согласно член 179 став 1 од Изборниот законик предвидена е прекршочна одговорност за член на Влада, заменик министер и функционер кој раководи со орган и глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска противвредност.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk